# И Н Ф О-К О Ч А Н И

МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

Општина Кочани
Градоначалник на Општина Кочани

## ФЕВРУАРИ 2024 г.



**Работна средба на градоначалникот Љупчо Папазов и Цветан Трипунов, технички министер во МЗШВ**

На 1 февруари, во просториите на Општина Кочани, градоначалникот Љупчо Папазов оствари средба со техничкиот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Цветан Трипуновски.

На средбата се разговараше за активностите на општината во делот на земјоделството, предизвиците со кои се соочува општината и кочанските компании, како и можностите за воведување нови проекти и мерки.

Во текот на посетата од страна на техничкиот министер беше остварена средба и со кочански компании и оризопроизводители.





**Активности за расчистување и уредување на локации во градот**

Започнаа теренските активности на Општина Кочани и КЈП „Водовод" за расчистување и уредување на дрворедот на влезот на градот, на улицата „Димитар Влахов" и околу стадионот „Никола Мантов".

Се работи на кастрење и сечење дрвја, гранки и диво израснато зеленило, како и на уредување на просторот со механизација од наноси на земја...

Овие активности ќе продолжат и во наредниот период на нови локации во градот.





**Во тек е расчистување на дивите депонии на територијата на општина Кочани**

Во тек е расчистување на дивите депонии во Источниот Регион, прва фаза од воспоставувањето на Регионалната депонија во Источниот и Североисточниот Регион.

Меѓу останатите локации, деновиве беше отстранет и отпадот кај Фабриката за вода и на просторот кај подрачното училиште „Св. Кирил и Методиј“ со фудбалското игралиште во Горни Подлог.

Се работи на сечење гранки и диво израснато зеленило и уредување на просторот со механизација.

Општина Кочани ги повикува граѓаните да не го фрлаат отпадот на несоодветни места и да не ги полнат со нов отпад исчистените локации.





**Одржан состанок за Регионалната депонија и депонирањето на отпадот**

На 9 февруари, во салата за состаноци во Општина Кочани се одржа состанок со градоначалниците и директорите на комуналните претпријатија од општините Кочани, Виница, Зрновци и Чешиново-Облешево во врска со Регионалната депонија, односно активност произлезена од Одлуката на Владата за начинот на работа и постапување со постојните локации за отстранување на отпадот и определување времени локации за отстранување отпад до периодот на изградба на Регионалната депонија во Источниот и Североисточниот Регион.

На состанокот беа констатирани и потврдени неколку ситуации и беа произнесени заеднички барања до Министерството за животна средина и просторно планирање.



**Министерот за труд и социјална политика Ѓоко Велковски во посета на Општина Кочани**

На 22 февруари, министерот за труд и социјална политика Ѓоко Велковски ја посети  Општина Кочани, каде што заедно со градоначалникот Љупчо Папазов остварија посета на новата детска градинка во населба Драчевик, која сè уште не е пуштена во употреба. Детската градинка има капацитет од 112 дечиња, што би овозможило згрижување на дечиња во Кочани кои се на листа на чекање.



Со посетата беа утврдени недостатоците и проблемите кои се пречка за пуштање во употреба на градинката, како што е досегашното неиздавање на согласности за вработување од страна на МТСП. Во истовреме се вршат санации на фасадата на градинката, поради недостатоци во извршената работа од страна на изведувачот.





**Ученици од збратимената општина Крижевци – на зимување на Пониква**

Најдобрите осуммина ученици од основните училишта од Крижевци, Република Хрватска зимскиот распуст го поминуваат на Спортско-рекреативниот центар Пониква, на Осоговските Планини.

Градоначалникот Љупчо Папазов за време на викентот ги посети учениците на Пониква, за да им посака убав престој во Кочани и на Осоговските Планини. Во склоп на посетата, хрватските ученици минатата недела го посетија ОУ „Никола Карев“ – Кочани, каде заедно со учениците и наставниците од кочанското училиште имаа заеднички активности во чест на Денот на мајчиниот јазик.

Зимувањето на учениците го овозможува Општина Кочани, во рамки на соработката со хрватскиот збратимен град Крижевци. Градот Крижевци, пак им овозможува летување во Хрватска на најдобрите ученици на генерацијата од Кочани.





**Одржан настан за проектот наменет за побезбедна инклузивна заедница за децата преку почитување на правото на детето**

Во организација на Здружението „Двојна надеж“ од Штип, на 26 февруари, во салата на Мултикултурниот центар во Кочани се одржа настан под наслов „Кон побезбедна и инклузивна заедница за децата преку почитувањето на правото на детето“.

Целта на проектот е подигање на свеста и капацитетите на децата и на креаторите на јавни политики за поголема инклузивност и безбедност на децата во локалната заедница преку унапредување на почитувањето на правата на децата во склад со националните, европските и меѓународните обврски.

Во истражувањето за одредените проблеми во врска со инклузијата, без кршење на правата на децата во општеството е вклучена и Општина Кочани, заедно со општините Штип, Струмица и Радовиш. Понатаму ќе следува извештај којшто ќе се користи за идни активности.

| | |
|---|---|
|  | **Општина Кочани започна со пролетното озеленување на јавните површини**<br><br>Општина Кочани започна со акцијата за засадување на висококвалитетни повеќегодишни садници во централните делови на градот.<br><br>Во текот на февруари беа засадени стотина садници, а дваесетина од видот Robinia pseudoacacia „Umbraculifera“ во централните градски делови.<br><br>Општина Кочани ќе проложи и во наредниот период со ваквите активности за разеленување кои се од корист за животната средина и амбиенталниот воздух. Воедно се апелира до граѓаните грижливо да се однесуваат кон новите садници и животната средина. |
|  | **Работен состанок во рамките на Програмата за зачувување на природата**<br><br>Во просториите на Општина Кочани се одржа работен состанок во врска со евалуација на постигнатите резултати од реализацијата на повеќе проекти во рамки на Програмата за зачувување на природата, финансирано од Швајцарската агенција за развој и соработка. |
| <br><br> | **Амбасадорот на Франција Н. Е. Сирил Бомгартнер во посета на Општина Кочани**<br><br>На 28 февруари, Амбасадорот на Република Франција во Република Северна Македонија, Н. Е. Сирил Бомгартнер беше во официјална посета на Општина Кочани, каде што оствари средба со Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов.<br><br>Градоначалникот Папазов ги претстави локалните економски капацитети, културни и природни богатства, туризмот како стратешки правци за развој, како и образовните ресурси во Кочани. Се разговараше за можностите за нови проекти и напредок на општината.<br><br>Во рамките на денешната посета, амбасадорот Бомгартнер го посети и СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани. |
| | **Дополнителниот заменик-министер за информатичко општество и администрација Стефан Андоновски во** |





**посета на Кочани**

На 29 февруари, во просториите на Општина Кочани, градоначалникот Љупчо Папазов оствари средба со дополнителниот заменик-министер за информатичко општество и администрација Стефан Андоновски.

На средбата се разговараше за унапредување на работата на општинската администрација со градење достоинствена и ефикасна јавна администрација и за процесот на дигитализацијата во функционирањето на сите служби во состав во општината, што ќе придонесе кон поголема достапност и ефикасност на услугите.

Во склоп на денешната посета беше остварена средба и со претставници на локалната и државната администрација и вработени во Министерството за информатичко општество и администрација кои гравитираат од Источниот Регион, каде беа споделени мислења и идеи што би се зеле предвид за натамошното функционирање на ресорното министерство.

# СОВЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ





**Советот на Општина Кочани ја одржа 42. седница**

На 17 февруари, во салата на Мултикултурниот центар во Кочани, Советот на Општина Кочани ја одржа 42. седница на која советниците дадоа зелено светло на двете точки што се најдоа на дневниот ред.

Советот го усвои Деталниот урбанистички план за Градска четврт 5 од ГУП за Град Кочани, Општина Кочани, кој претставува граница на Генералниот урбанистички план на север, осовина на улицата „Цветан Димов“ на исток, осовина на улицата „Љупчо Сантов“ на југ и осовина на Кочанска Река на запад, со вкупната површина од 81,32 хектари.

На седницата беше усвоена и одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за Градска четврт 14 од ГУП за Град Кочани, Општина Кочани. Границата на планскиот опфат на овој урбанистички план ја опфаќа осовината на Кочанска Река на исток, магистралниот пат Штип – Кочани – Делчево на југ, осовината на улица „Димитар Влахов“ на запад и осовината на улица „Стево Теодосиевски“ на север, со вкупна површина од 40,21 хектар.

**Општина Кочани**
**ул. „Раде Кратовче“ бр. 1**
**2300 Кочани**
**☎ 033 274 001**
**www.kocani.gov.mk**
**info@kocani.gov.mk**